Gmail

Emilija Ilievska <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

# Fwd: Информација за медиуми

1 message

**Evgenija Cukaleva** <evgenija.cukaleva.ob@gmail.com>
To: emilija.ilievska.ob@gmail.com

Tue, Nov 12, 2024 at 9:38 AM

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 12-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 129 | | |

---------- Forwarded messa [redacted]

Почитувани,

За изработка на новинарска тема во врска со Законот за урбано зеленило, во рамките на онлајн платформата на Институтот за комуникациски студии doma.edu.mk, потребни ми се информации од вашата општина на следните прашања:

1. Како вашата општина го спроведува барањето за минимум 20% зелена површина на секоја градежна парцела согласно Законот за урбано зеленило? Можете ли да ни дадете конкретни примери?
2. Дали вашата општина има изработено зелен катастар и како се одвива процесот на попис на целото зеленило на вашата територија? Колку е ажуриран и достапен за јавноста?
3. Како вашата општина ги спроведува нормативите за зелени површини од 25 квадратни метри по жител во идните урбанистички планови?
4. Какви мерки се преземаат за одржување на постоечките зелени површини?

Го очекувам вашиот одговор во најбрз можен рок до утре.

Ве молам потврдете го приемот на оваа електронска пошта. Доколку истата завршила на погрешна адреса, ве молам проследете ја до надлежните за одговор на новинарски прашања во општината.

Благодарам,

Со почит,

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урабнистичко планирање
и заштита на животната средина

Бр.11-129/2
13.11.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-129/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
13.11.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за спроведување урбанистички планови

Бр.11-129/3
13.11.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-129/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Примил:

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

19.11.2024 год.

Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-129/4 | | | |

До
Емилија Илиевска
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-129/2 од 13.11.2024 година

Во врска со Барање бр.11-129/2 од 13.11.2024 година, а се однесува на информации од јавен карактер поврзани со Законот за урбано зеленило , Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина ќе ги одговори само оние прашања за кои има надлежност во работата.

Соглано член 5, 12 и 32 од Законот за урбано зеленило Општина Битола има изработено Зелен катастар дел 1, дел 2 и дел 3, односно на територијата на општината се попишани 24 000 точки.

Изработката на Зелениот катастар е отпочната во 2022, 2023 и 2024година согласно финансиските средства кои беа издвојувани преку Програмата за животна средина во горенаведените години.

Општина Битола продолжува и во наредните години да врши попис на зеленилото на тероторијата на општината.

Истите се поставени на официјалната страна на Општина Битола во делот Постапки> Животна средина.

Во прилог Ви го доставуваме линкот на кои можете да ги најдете истите:

https://www.bitola.gov.mk/zelen-katastar/

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска

Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

**бр. 30.сл од 25.11.2024 год.**

До
Сектор за правно-нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредн |
| 11-129/5 | | | |


ПРЕДМЕТ: Доставување на информации од јавен каракет

ВРСКА: Барање бр.11-129/3 од 13.11.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за информации од јавен карактер, поточно точка 1 и 3 при изработката на урбанистички планови и планско-проектни документации, Општина Битола ги спроведува законските нормативи за зелени површини како и обезбедување на минимум зелени површини согласно Законот за урбано зеленило.

Изработил:

**Христијан Атанасовски**, *дипл.инж.арх*



ул. "Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
+389 47 208 442 +389 47 208 307 bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-129/6
25.11.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **12.11.2024 година**, до Општина Битола, иматело на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-129** од **12.11.2024 година**, каде бара информација за тоа како општината го спроведува барањето за минимум 20% зелена површина на секоја градежна парцела согласно Законот за урбано зеленило (детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-129 на ден 12.11.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за тоа како општината го спроведува барањето за минимум 20% зелена површина на секоја градежна парцела согласно Законот за урбано зеленило.
**Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-129/1 од 12.11.2024
2.Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-129/2 од 13.11.2024 година
3. Допис до Одделение за спроведување на урбанистички план со бр. 11-129/3 од 13.11.2024 година
4. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-129/4 од 25.11.2024 година
5. Одговор од Одделение за спроведување на урбанистички план со бр. 11-129/5 од 25.11.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 25.11.2024 година, под бр. 11-129/6.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА